2010033585

ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 56 а во врска со член 54 став 1 точка 8 од Законот за здравственото осигурување („Службен весник на Република Македонија“ број 25/2000, 34/2000, 96/2000, 50/2001, 11/2002, 31/2003, 84/2005, 37/2006, 18/2007, 36/2007, 82/2008, 98/2008, 6/2009 и 67/2009) и член 27 од Правилникот за индикациите за остварување на право на ортопедски и други помагала („Службен весник на Република Македонија“ број 111/2000, 4/2001, 56/2001, 71/2001, 41/2003, 47/2003, 73/2005, 3/2006, 137/2006, 62/2007, 86/2007, 132/2007, 56/2008, 132/2008, 88/2009 и 16/2010) , Управниот одбор на Фондот за здравствено осигурување на Македонија, на седницата одржана на ден 16.02.2010 година, донесе

ОДЛУКА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА РЕФЕРЕНТНИ ЦЕНИ ЗА СИСТЕМИ ЗА ИЛЕОСТОМИ, КОЛОСТОМИ И УРОСТОМИ, ПЛОЧКИ И ПАСТА, ШТО ПАЃААТ НА ТОВАР НА ФОНДОТ ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА

Член 1

Во Одлуката за утврдување на референтни цени за системи за илеостоми, колостоми и уростоми, плочки и паста, што паѓаат на товар на Фондот за здравствено осигурување на Македонија („Службен весник на Република Македонија“ број 61/2006, 41/2007, 132/2007 и 37/2008), во член 2, во табелата, редниот број 4 - „Ќеси за дводелен систем за колостома без филтер“ се брише.

Редните броеви 5, 6, 7, 8, 9 и 10 стануваат редни броеви 4, 5, 6, 7, 8 и 9.

По новиот реден број 9 , се додава следната табела:

10	Едноделен педијатриски систем за илеостома - самолеплива ќеса	115,00
11	Едноделен систем за уростома - самолеплива ќеса	141,50

Член 2

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија", а ќе се објави по добивањето на согласност од министерот за здравство.

Бр. 02-2136/12
16 февруари 2010 година
Скопје

Управен одбор
Претседател,
Елена Трпковска, с.р.